**ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ**

**Соопштение на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија број 23.3.2026.1/3 од 22.05.2026 година.**

**Просечно исплатена месечна нето-плата во денари во РМ изнесува:**

- **48.433,00 денари- месец март 2026 година**
- **45.198,00 денари- за месец јануари - декември 2025 година**
- **47.069,00 денари- за месец јануари - март 2026 година (просечно исплатена нето-плата во претходните три месеца)**

**Напомена: Просечната месечна исплатена нето плата и просечната исплатена нето плата во претходните три месеца се користат при пресметка на пооделни надоместоци и тоа:**

- **пресметување на трошоците за исхрана за време на работа, доколку работодавачот исхраната ја организира на свој трошок;**
- **дневници за службени патувања во земјата,**
- **отпремнина при заминување во пензија,**
- **за одвоен живот**
- **регрес за годишен одмор, доколку е утврден со соодветен акт - Одлука**

**Соопштение на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија број 23.2.2026.1/3 од 22.05.2026 година**

**Просечно исплатената месечна бруто-плата во денари во РМ изнесува:**

- **72.818,00 денари- месец март 2026 година,**
- **67.951,00 денари- за месец јануари - декември 2025 година,**
- **70.751,00 денари- за месец јануари - март 2026 година (просечно исплатена бруто-плата во претходните три месеца)**

**Најниска основица за пресметување и плаќање на придонесите изнесува:**

**69.141,00 x 50% = 34.571,00 денари**[1]

**Највисока месечна основица за пресметување и плаќање на придонесите за примањата од работен однос од еден обврзник изнесува:**

**69.141,00 x 16 = 1.106.256,00 денари**[2]

**Највисока месечна основица за пресметување и плаќање на придонесите за примања на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, ...... управител на трговско друштво изнесува:**

**69.141,00 x 16 = 1.106.256,00 денари**[3]

**Највисока месечна основица за пресметување и плаќање на придонесите за примања за самовработено лице изнесува:**

**69.141,00 x 12 = 829.692,00 денари**[4]

---

[1] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 64/09)

[2] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 171/17)

[3] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 171/17)

**Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година изнесува:**

**81,6 денари[5] за период од 01.01 до 31.12.2026 година**

**Вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2026 година изнесува:**

**81,6 денари[6] за период од 01.01 до 31.12.2026 година**

**Вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2026 година изнесува:**

**81,6 денари[7] за период од 01.01 до 31.12.2026 година**

**Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2026 година изнесува:**

**81,60 денари[8] за период од 01.01 до 31.12.2026 година**

**Вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2026година изнесува:**

**81,6 денари[9] за период од 01.01 до 31.12.2026 година**

**Максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2026 година изнесува:**

**81,6 денари[10] за период од 01.01 до 31.12.2026 година**

**Вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2026 година изнесува:**

**81,6 денари[11] за период од 01.01 до 31.12.2026 година**

---

[4] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 171/17)

[5] Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 7/26)

[6] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 17/26)

[7] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 17/26)

[8] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 17/26)

[9] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 43/26)

[10] Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 53/26)

**Основица за пресметка на плата за избрани и именувани лица во Република Македонија, изнесува:**

**67.951,00 денари**[12]

**Најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност изнесува:**

**16.543,00 денари**[13] **со исплата на платата за месец март 2026 година**
**16.700,00 денари со исплата на платата за месец септември 2026 год.**

**Даночното намалување при годишно пресметување на данокот на доход за 2026 година изнесува:**

**131.184,00 денари**[14]

**Даночното намалување при месечно пресметување на данокот на доход за 2026 година изнесува:**

**131.184,00 : 12 = 10.932,00**[15] **денари**

**Висина на стапките на придонесите од задолжително социјално осигурување – кои ќе се применуваат со исплатата на платата за месец јануари 2026 година:**

| **Бруто плата за 2026 година** | |
|---|---|
| **Вид на придонес** | **Стапка на придонес** |
| **Задолжително пензиско и инвалидско осигурување** | **18,8%** |
| **Задолжително здравствено осигурување** | **7,5%** |
| **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување** | **0,5%** |
| **Задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност** | **1,2%** |
| **Вкупно** | **28%** |

Во контекст на навремено информирање и известување на нашите корисници Ве известуваме дека од страна на Управата за јавни приходи објавени се повеќе информации кои можете да ги преземете од следните линкови:

- http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/1178

---

[11] Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 53/26)
[12] член 11 од Закон за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на РМ” бр. 36/90, Испр. 44/90, Испр. 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, Одредбите од Законот за платите на членовите на Судскиот Совет на Република Македонија 139/09, Одредбите од Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија 139/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18, 51/23, 65/23, 51/24, 272/24, 39/26)
[13] Спогодба за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност („Службен весник на РСМ“ бр. 72/26);
[14] Член 10 став 4 од Закон за данокот на личен доход („Службен весник на РМ“ бр. 241/18, Автентично толкување „Службен весник на РСМ“ бр. 84/19, 275/19, 290/20, 85/21, 274/22);
[15] Објава за износот на даночното намалување за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 252/25)

***

Коефициентите за утврдување на плата од членовите 13, 14, 15, 16, 17 и 17-в од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на РМ” бр. 36/90, Испр. 44/90, Испр. 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, Одредбите од Законот за платите на членовите на Судскиот Совет на Република Македонија 139/09, Одредбите од Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија 139/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18, 51/23, 65/23, 51/24, 272/24, 39/26) ќе започнат да се применуваат со исплата на платата за месец февруари 2026 година.

***

**Надоместоци утврдено согласно Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година**

Согласно одредбите на член 9 и 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр. 253/25) е утврдено:

***

Вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите имаат право на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетските корисници, единките корисници и фондовите се обезбедени средства за оваа намена.

Поблиските критериуми за остварување на правото на додатокот на плата и начинот на утврдување на висината на додатокот на плата од ставот 1 на овој член, на предлог на Министерството за финансии, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Вработените кои вршат работи директно поврзани со управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во буџетскиот корисник кој е надлежен за извршување на мерките за директни плаќања во земјоделството и руралниот развој и спроведување на мерките за државна помош во земјоделството, имаат право на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата, доколку истите не го остваруваат правото на додаток на плата по друг правен основ.

***

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходните три месеци.

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата од ставот 1 на овој член кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос не живеат со нивното семејство.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од ставот 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници кои користат надоместок за одвоен живот од семејството не им следува надоместок за трошоци за превоз и патарини заради посета на потесното семејство.